РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

Руѓер Бошковиќ 18, П.фах 464 - 1000 Скопје

# УПИС НА НОВИ СТУДЕНТИ НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА - ТРЕТ УПИСЕН РОК

Уписот на нови студенти на Машинскиот факултет се врши согласно одредбите во Конкурсот за запишување студенти на прв циклус (додипломски студии) на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Право на запишување на прв циклус студии на факултетите имаат кандидати кои положиле државна или меѓународна матура.

Во академската 2020/2021 година на прв циклус студии право на запишување имаат и кандидати кои се стекнале со диплома за завршено средно образование во траење од четири години во учебната 2019/2020 година, согласно Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба.

Право на запишување на прв циклус студии имаат и кандидати со завршено четиригодишно средно образование според прописите кои важеле пред воведувањето на државната матура (пред учебната 2007/2008 година)

Уписот на новите студенти на Факултетот се врши врз основа на успехот постигнат во средното образование. Предходна проверка на компетенциите, дополнително тестирање на кандидатите за упис **не е предвидено.**

Вреднувањето на успехот на кандидатите се изразува во поени. Кандидатите може да освојат најмногу **100 поени**, и тоа: **60 поени** од **општиот успех** од сите предмети и **40 поени** од успехот постигнат на **државната матура.**

**Бодирањето од општиот успех,** е идентично во сите уписни рокови и за сите категории кандидати и се врши на следниот начин: се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа може да се добијат **најмногу 60 поени**.

**За кандидатите кои средното образование го завршиле во учебната 2019/20 година и не полагале матура согласно Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба**, бодирањето се врши според: **општиот успех од сите предмети** учествува со **60 поени** и успехот постигнат по **двата значајни предмети** со **40 поени**.

**Бодирањето на успехот од двата значајни премети** се врши на следниот начин: збирот од оценките за двата значајни предмети се дели со бројот на оценките (независно во колку години предметот се слушал во средното образование) и вака добиениот среден успех, за секој предмет одделно, се множи со 4. По оваа основа може да се добијат најмногу **20** поени за еден предмет,односно вкупно **40** поени за двата предмета.

**Бодирањето од успехот од државната матура за кандидатите кои полагале државна матура од учебната 2013/2014 до учебната 2018/2019 година** се врши на следниот начин:

**За трите екстерни предмети:** Кон оценката од секој екстерен предмет се додава **перцентилниот ранг** на кандидатот (изразен во проценти) за соодветниот предмет поделен со **20**. По оваа основа можат да се добијат најмногу **10 поени** за секој предмет поединечно, односно најмногу **30 поени** за трите екстерни предмети.

Оценките од **интерниот предмет** кој се полага на државната матура се множи со коефициент 1,2. По оваа основа можат да се добијат најмногу **6 поени**.

Значајните екстерни и интерни предмети, врз основа на кои ќе се врши бодирање, се исти за сите студиски програми - насоки.

Оценката добиена на **проектната задача** се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4 поени**.

Вкупниот успех од државната матура може да донесе најмногу **40 поени.**

**Бодирањето од успехот од државната матура за кандидатите кои полагале државна матура заклучно со учебната 2012/2013 година** се врши на следниот начин:

**За двата екстерни предмети:** Кон оценката од секој екстерен предмет се додава **перцентилниот ранг** на кандидатот (изразен во проценти) за соодветниот предмет поделен со **20**. По оваа основа можат да се добијат најмногу **10 поени** за секој предмет поединечно, односно најмногу **20 поени** за двата екстерни предмети.

Оценките од секој од соодветните **интерни предмети** кои се полагаат на државната матура се множат со коефициент 1,6. По оваа основа можат да се добијат најмногу **8 поени** за секој предмет поединечно, односно најмногу **16 поени** за двата интерни предмети.

Значајните екстерни и интерни предмети, врз основа на кои ќе се врши бодирање, се исти за сите студиски програми - насоки.

Оценката добиена на **проектната задача** се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4 поени**.

Вкупниот успех од државната матура може да донесе најмногу **40 поени.**

**За кандидатите кои средното образование го завршиле пред учебната 2007/2008 година** и не полагале државна матура, бодирањето се врши според: **општиот успех од сите предмети** учествува со **60 поени** и успехот постигнат по **двата значајни предмети** со **40 поени**.

**Бодирањето на успехот од двата значајни премети** се врши на следниот начин: збирот од оценките за двата значајни предмети се дели со бројот на оценките (независно колку години предметот се слушал) и вака добиениот среден успех, за секој предмет пооделно, се множи со 4. По оваа основа може да се добијат најмногу **20 поени** за еден предмет, односно вкупно **40 поени** за двата предмети.

Значајните предмети од средното образование, врз основа на кои ќе се врши бодирање, се исти за сите студиски програми - насоки.

Првиот значаен предмет е задолжителен, тоа е предметот **математика**.

Вториот значаен предмет е изборен, кандидатот го избира од предметите: **физика, техничка механика, машински елементи со механика, информатика.**

Доколку во **првиот уписен** рок при рангирањето на крајот на листата на примените кандидати има повеќе кандидати со еднаков број поени (најмногу 5), се запишуваат сите вакви кандидати, со тоа што во вториот уписен рок ќе бидат објавени толку места помалку.

Ако бројот на ваквите кандидати е поголем од 5, тогаш овие кандидати се рангираат според дополнителни критериуми: соодветноста на изработената проектна задача при полагањето на државната матура, освоени награди на републички и меѓународни натпревари, членови на спортски репрезентации на РСМ, добиени сертификати за познавање на странски јазици на повисоко ниво и слично.

## МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
## РОКОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ ВО ТРЕТ УПИСЕН РОК

**ПРИЈАВУВАЊЕТО** се врши на: **28 (понеделник) септември** 2020

**ЗАПИШУВАЊЕ** на примените кандидати: **30 (среда) септември** 2020

**НАПОМЕНА:**

1.Уписот на новите студенти на Факултетот се врши врз основа на успехот од средното образование. Предходна проверка на компетенциите, дополнително тестирање, на кандидатите за упис **не е предвидено.**

2. По објавувањето на поените од средното образование, кандидатот има право на **приговор** до Конкурсната комисија (на електронската адреса на која се пријавиле или преку архивата на Факултетот - се наоѓа на приземје во деканатот на факултетот), **во рок од 24 часа** од објавувањето на резултатите. Во спротивно го губи правото на приговор во натамошната постапка во поглед на објавените резултатите.

## ЗНАЧАЈНИ ПРЕДМЕТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ВРЕДНУВАЊЕТО НА УСПЕХОТ ОД СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА КАНДИДАТИ КОИ СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ГО ЗАВРШИЛЕ ВО УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА, ИЛИ ПРЕД УЧЕБНАТА 2007/2008 ГОДИНА И НЕ ПОЛАГАЛЕ ДРЖАВНА МАТУРА

| Прв значаен предмет | Втор значаен предмет |
|---|---|
| **математика** | **по избор на кандидатите :**<br>**- физика,**<br>**- техничка механика**<br>**- машински елементи со механика,**<br>**- информатика.** |

## ЕКСТЕРНИ И ИНТЕРНИ ПРЕДМЕТИ ЗА УПИС НА МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ ЗА КАНДИДАТИ СО ЗАВРШЕНА ДРЖАВНА МАТУРА (КОИ ДРЖАВНАТА МАТУРА ЈА ПОЛАГАЛЕ ОД УЧЕБНАТА 2013/2014 ДО УЧЕБНАТА 2018/2019 ГОДИНА)

| Екстерен задолжителен предмет | Втор изборен екстерен предмет | Изборен интерен предмет |
|---|---|---|
| мајчин јазик и литература | **без ограничување** | **без ограничување** |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

Руѓер Бошковиќ 18, П.фах 464 - 1000 Скопје

# БРОЈ НА СТУДЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА - ТРЕТ УПИСЕН РОК

| ФАКУЛТЕТИ -СТУДИСКИ ПРОГРАМИ- | редовни во државна квота | износ на партиципација (ЕУР) | редовни со кофинансирање | износ на школарина (ЕУР) | вонредни | вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Машински факултет** | | | | | | |
| **додипломски студии за академско образование (8 семестри)** | **188** | **200** | **203** | **400** | **-** | **391** |
| производно инженерство (ПИ) | 21 | 200 | 30 | 400 | / | 51 |
| транспорт, механизација и логистика (ТМЛ) | 27 | 200 | 30 | 400 | / | 57 |
| термичко инженерство (ТИ) | 22 | 200 | 10 | 400 | / | 32 |
| хидраулично енергетско инженерство (ХЕИ) | 26 | 200 | 20 | 400 | / | 46 |
| индустриско инженерство и менаџмент (ИИМ) | 11 | 200 | 30 | 400 | / | 41 |
| материјали, процеси и иновации (МПИ) | 26 | 200 | 10 | 400 | / | 36 |
| моторни возила (МВ) | 2 | 200 | 30 | 400 | / | 32 |
| енергетика и екологија (ЕЕ) | 23 | 200 | 10 | 400 | / | 33 |
| мехатроника (МХТ) | 4 | 200 | 10 | 400 | / | 14 |
| автоматизација и управувачки системи (АУС) | 26 | 200 | 20 | 400 | / | 46 |
| индустриски дизајн (ИНД) | 0 | 200 | 3 | 400 | / | 3 |

## ДОПОЛНИТЕЛНО ОБЈАСНУВАЊЕ ПРИ ПРИЈАВУВАЊЕТО ЗА УПИС НА МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

Посебно внимание кандидатите да посветат при изборот на студиските програми (насоки) по приоритет.

Уписот се врши по студиски програми (насоки), одговорноста за изборот на студиската програма и приоритетите е целосно на кандидатот.

Кандидатите ќе бидат рангирани на посебни листи за секоја студиска програма пооделно според првиот приоритет.

Во државна квота се примаат кандидатите кои се рангирани соодветно до бројот на државни студенти за секоја студиска програма.

Следните кандидати на листите за првиот приоритет имаат предност при одредувањето - изјавувањето дали ќе студираат во квотата на вондржавни студенти со самофинансирање од 400 евра.

Кандидатите кои нема да се определат - прифатат да студираат на насоката со прв приоритет во вондржавна квота, ќе бидат прераспределени во државна квота на насоките на кои не е пополнет бројот, а кои ги избрале како: втор, трет, четврт или петти приоритет.

Овие кандидати на листите за другите студиски програми ќе бидат допишани <u>после кандидатите со прв приоритет за соодветната насока</u>.



Скопје,25.09.2020 година

**Кандидатите за запишување на прв циклус на студии во учебната 2020/2021 година се пријавуваат за упис преку системот за електронско пријавување во IKnow-системот и со електронска достава на документите при пријавување.**

**Пред терминот на пријавувањето, во роковите утврдени со Конкурсот, секој кандидат треба да се регистрира на www.upisi.ukim.mk и да ја пополни електронската пријава од IKnow системот, со што автоматски добива број за електронско пријавување.**

**Откако ќе заврши со пријавувањето во IKnow системот, кандидатот ја испраќа својата пријава и на (upisi-mfs@ukim.edu.mk) . Во предмет (Subject) на електронската пошта, кандидатите го наведуваат бројот што автоматски им го генерирал системот за електронско пријавување. Во прилог на пријавата, треба да се прикачат (во Attach File) скенирани следниве документи (во pdf или во jpg формат) согласно следниот редослед:**

## ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

1. Универзитетски пријавен лист за конкурирање (образец А1 - се генерира од IKnow-системот)
2. Електронска пријава (се генерира од IKnow-системот)
3. Изјава за веродостојност и точност на поднесените скенирани документи
4. Изјава дека не конкурирал/а на друг Универзитет
5. Оригинални свидетелства од сите класови
6. Документ за положена државна матура (**оригинално свидетелство за завршено средно образование - ДИПЛОМА**)
7. Извод од матичната книга на родените
8. Доказ за државјанство на РСМ (уверение или решение)
9. Потврда за уплатени **300 денари, со цел на дозная : Обработка на податоци**

   Уплатата се врши на **образец ПП 50** и треба да ги содржи следните податоци:
   **Назив на примачот:** Буџет на РСМ, Машински факултет - Скопје
   **Банка на примачот:** НБРМ
   **Сметка: 100 0000000630 95**
   **Сметка на буџетски корисник: 1600104278 788 11**
   **Приходна шифра: 725939 41** **Начин: 2**

**НАПОМЕНА:** Пријавувањето се врши со **оригинални документи**, пожелно е пред пријавувањето, кандидатите да направат преписи од документите за свои потреби (заверени фотокопии).

**Кандидатите задолжително ќе добијат автоматска потврда дека електронската пошта е примена.**

Со објавувањето на конечната ранг листа на web страната на Факултетот ќе бидат објавени термини во кои кандидатите ќе треба да ги поднесат оригиналните документи. **Со цел за обезбедување поголема заштита на кандидатите и на вработените, оригиналните документи И ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗА ЗАПИШУВАЊЕ студентите треба да ги поднесат истовремено.**

**Доколку кандидатите имаат потреба од консултации во врска со процесот на пријавување, може да се јават на следните телефони: 02 3099 210 или 02 3099 200, а алтернативно и на e-mail:studsl@mf.edu.mk.**



Скопје,25.09.2020 година

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**
**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**

**Руѓер Бошковиќ 18, П.фах 464 - 1000 Скопје**

## ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРИМЕНИТЕ КАНДИДАТИ
**(откако се рангирани)**

1. Индекс и студентска легитимација

2. Две фотографии (3,5x4,5) (една за индекс, една за образец за запишување на семестар) и една фотографија (2x3) (за студентска легитимација)

3. Пријавни листови (два)
   - Образец за запишување на семестар
   - Статистички пријавен лист за учебна 2020/2021 година (Образец ВОИ.20)
   - 50 денари административна такса (на уплатница-образец ПП 50)

4. Признаница **(ОБРАЗЕЦ ПП 50)**, во корист на Машински факултет и треба да ги содржи следните податоци:
   **Назив на примачот:** Буџет на РСМ, Машински факултет - Скопје
   **Банка на примачот:** НБРМ
   **Сметка: 100 0000000630 95**
   **Износ: 6150 денари**
   **Сметка на буџетски корисник: 1600104278 788 11**
   **Приходна шифра: 723012 41 Начин: 2**

- за студентите кои се запишани во државна квота (со надоместок за студирање во висина од **200** ЕУР) треба да уплатат **6 150 ден**., со цел на дознака - прва рата од партиципација

- за студентите кои се запишани со надоместок за кофинансирање на студиите (во висина од **400** ЕУР, треба да уплатат **12 300 ден**., со цел на дознака - прва рата од школарина

5. Потврда за уплатени **450 денари**, цел на дознака**: тетратки и книжен фонд.**
   Уплатата се врши на **образец ПП 50** и треба да ги содржи следните податоци:
   **Назив на примачот:** Буџет на РСМ, Машински факултет - Скопје
   **Банка на примачот:** НБРМ
   **Сметка: 100 0000000630 95**
   **Износ: 450 ден.**
   **Сметка на буџетски корисник: 1600104278 788 11**
   **Приходна шифра: 723019 41 Начин: 2**

6. Потврда за уплатени **750 денари, со цел на дознака: ИКСА на УКИМ за Машински факултет - Скопје**

   Уплатата се врши на **образец ПП 50** и треба да ги содржи следните податоци:
   **Назив на примачот:** Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје
   **Банка на примачот:** НБРМ
   **Сметка: 100 0000000630 95**
   **Износ: 750 ден.**
   **Сметка на буџетски корисник: 1600103689 788 18**
   **Приходна шифра: 723012 41 Начин: 2**



Скопје,25.09.2020 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Руѓер Бошковиќ 18, П.фах 464 - 1000 Скопје

# С О О П Ш Т Е Н И Е
# ЗА НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ

**Плаќањето на административните такси се врши во готови пари.**

Административната такса во готови пари се плаќа со налог за плаќање на јавни приходи - **ОБРАЗЕЦ ПП 50**.

***Образецот ПП 50 се пополнува на следниот начин:***

***Трезорска сметка 100-0000000-630-95***

***Уплатна сметка 840-XXX-03161***

*XXX значи запишување на шифра на општината во која има живеалиште уплатувачот на таксата* ***(види список на општини со ознаки во Р. Македонија).***

***Конто 722313 00***

**Важна напомена:**

**1) Личните податоци на уплатницата ПП 50** (име, презиме, адреса на живеење и ЕМБГ), задолжително да бидат од студентот што го поднесува образецот што подлежи на административна такса.

**2) Задолжително да се внесе цел на дознака: административна такса за XXXXX -** XXX значи запишување на називот на образецот кој подлежи на административна такса (пријава за испит, пријавен лист за упис на факултетите, формулар за запишување семестар, формулар за заверка на семестар, административна такса за молба/барање за испис ,....... итн.)

**3) Плаќањето на административната такса од исто лице за повеќе обрасци може да се изврши на една уплатница**, но притоа во уплатницата треба задолжително да се назначат следниве елементи :

- во цел на дознака да се назначи бројот и називот на обрасците за кои се плаќа административната такса (на пример: административна такса за 5 пријави за испити; административна такса за пријавен лист за упис на факултетите, за формулар за запишување семестар, за формулар за заверка на семестар,....... )

- во износот што се плаќа треба да стои вкупната сума која го означува збирот од вредноста на административните такси што се содржани во целта на дознаката.)

**УПЛАТНИЦИТЕ ТРЕБА ДА БИДАТ ТОЧНО ПОПОЛНЕТИ, БИДЕЈЌИ ВО СПРОТИВНО УПЛАТИТЕ НЕМА ДА БИДАТ ПРИЗНАТИ**



Скопје,25.09.2020 година

## СПИСОК
## НА ОПШТИНИ СО ОЗНАКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| Ред. бр. | Назив на општината | Ознака на општината |
|---|---|---|
| 1. | Арачиново | 101 |
| 2. | Берово | 102 |
| 3. | Битола | 103 |
| 4. | Богданци | 104 |
| 5. | Боговиње | 105 |
| 6. | Босилово | 106 |
| 7. | Брвеница | 107 |
| 8. | Валандово | 108 |
| 9. | Василево | 109 |
| 10. | Вевчани | 110 |
| 11. | Велес | 111 |
| 12. | Виница | 112 |
| 13. | Вранештица | 113 |
| 14. | Врапчиште | 114 |
| 15. | Гевгелија | 115 |
| 16. | Гостивар | 116 |
| 17. | Градско | 117 |
| 18. | Дебар | 118 |
| 19. | Дебарца | 119 |
| 20. | Делчево | 120 |
| 21. | Демир Капија | 121 |
| 22. | Демир Хисар | 122 |
| 23. | Дојран | 123 |
| 24. | Долнени | 124 |
| 25. | Другово | 125 |
| 26. | Желино | 126 |
| 27. | Зајас | 127 |
| 28. | Зелениково | 128 |
| 29. | Зрновци | 129 |
| 30 | Илинден | 130 |
| 31. | Јегуновце | 131 |
| 32. | Кавадарци | 132 |
| 33. | Карбинци | 133 |
| 34. | Кичево | 134 |
| 35. | Конче | 135 |
| 36. | Кочани | 136 |
| 37. | Кратово | 137 |
| 38. | Крива Паланка | 138 |
| 39. | Кривогаштани | 139 |
| 40. | Крушево | 140 |
| 41. | Куманово | 141 |
| 42. | Липково | 142 |
| 43. | Лозово | 143 |
| 44. | Маврово и Ростуше | 144 |
| 45. | Македонски Брод | 145 |

| Ред. бр. | Назив на општината | Ознака на општината |
|---|---|---|
| 46. | Македонска Каменица | 146 |
| 47. | Могила | 147 |
| 48. | Неготино | 148 |
| 49. | Новаци | 149 |
| 50. | Ново Село | 150 |
| 51. | Осломеј | 151 |
| 52. | Охрид | 152 |
| 53. | Петровец | 153 |
| 54. | Пехчево | 154 |
| 55. | Пласница | 155 |
| 56. | Прилеп | 156 |
| 57. | Пробиштип | 157 |
| 58. | Радовиш | 158 |
| 59. | Ранковце | 159 |
| 60. | Ресен | 160 |
| 61. | Росоман | 161 |
| 62. | Старо Нагоричане | 162 |
| 63. | Свети Николе | 163 |
| 64. | Сопиште | 164 |
| 65. | Струга | 165 |
| 66. | Струмица | 166 |
| 67. | Студеничани | 167 |
| 68. | Теарце | 168 |
| 69. | Тетово | 169 |
| 70. | Центар Жупа | 170 |
| 71. | Чашка | 171 |
| 72. | Чешиново и Облешево | 172 |
| 73. | Чучер Сандево | 173 |
| 74. | Штип | 174 |
| 75. | Аеродром | 175 |
| 76. | Бутел | 176 |
| 77. | Гази Баба | 177 |
| 78. | Ѓорче Петров | 178 |
| 79. | Карпош | 179 |
| 80. | Кисела Вода | 180 |
| 81. | Сарај | 181 |
| 82. | Центар | 182 |
| 83. | Чаир | 183 |
| 84. | Шуто Оризари | 184 |
| 85. | Град Скопје | 185 |



Скопје,25.09.2020 година